### В недела праизведба на »Зодијак« со Балетот на МНТ

# Рок балет на »Леб и сол«

**• ВЛАТКО СТЕФАНОВСКИ И БОДАН АРСОВСКИ ЈА НАПИШАА МУЗИКАТА ПО ИДЕЈАТА ШТО ВО ЛИБРЕТОТО ЈА ДАДЕ ГОРАН СТЕФАНОВСКИ, А СЦЕНСКАТА ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА Е СО РЕЖИЈАТА НА РАХИМ БУРХАН И КОРЕОГРАФИЈАТА НА ОЛГА МИЛОСАВЛЕВА**

Неделава е навистина целата посветена на премиери. По драмската „инвазија" еве в недела на ред е Балетот на Македонскиот народен театар и тоа со претстава што се очекува како настан во македонската балетска уметност. Многу разбирливо ако автори на балетот се еден Горан Стефановски (на либретото), Влатко Стефановски и Бодан Арсовски (на музиката) што разбирливо ја изведува „Леб и сол", веднаш до нив во визуелизацијата на претставата им се „приклонија" Рахим Бурхан (режисер), Олга Милосавлева (автор на кореографијата), Марина Чутурило (автор на сценографијата) и Елена Дончева (автор на костимографијата). Сè име до име.

Насловот на балетот е „Зодијак".

Да нема дилеми: на скопската оперска сцена првпат со „Зодијак" ќе видиме домашен рок-балет!

Влатко Стефановски (на вчерашната конференција за печатот) рече дека идејата за „Леб и сол" да напише балет не е нова, туку лежела и созревала уште од пред четири-пет години кога (чичко му) Ристе Стефановски (тогашен управник на МНТ) ги молел да напишат балет што ќе се игра во МНТ.

И така, најподготвени (или созреани!) за да го напишат балетот, биле летово.





ТАНДЕМ ВО МУЗИКАТА: ВЛАТКО СТЕФАНОВСКИ И БОДАН АРСОВСКИ

## АМБИЕНТАЛНА МУЗИКА

**— Кога цело Скопје беше на одмор, вели Влатко, ние во јули и август (во 40 дена) во времето на највисоките температури седнавме и ја напишавме музиката за балетот. Ова го потенцирам зашто временските услови и тоа како имаа влијание врз она што влезе како музичка материја во балетот, зашто е амбиентална музика. Тоа значи дека секој знак од хороскопот не требаше само да го насликаме, туку да му дадеме и простор и атмосфера слична на ѕвездите што во тој момент беа во знакот.**

**Што значи, во „Зодијак", секој знак од хороскопот, ќе има и своја музика. Па, така низ 12-те знаци на зодијакот, ќе слушнеме и рок, и фолк, и самба, и џез, и класична музика, а богами и штурци и дел од природата што како звуци ги нуди ова поднебје, зашто како што вели Влатко „додека ја правевме музиката, снимавме и природа, односно го користевме амбиентот во кој живееме. Зашто, иако не сме ни Чајковски, ни Бетовени, не мислиме дека сме инфериорни наспроти музичарите од Исток и од Запад. Можеби цивилизациски не припаѓаме на Европа, но имаме уметници кои заслужуваат внимание..."**

За да ја напишат музиката, ваква каква што ќе ја слушнеме на праизведбата в недела, требаше идеја за либрето. Неа ја даде Горан Стефановски, кој вели дека практично либретото го направил по порачка на Влатко.

## ПРОШЕТКА НИЗ ХОРОСКОПОТ

**— Се израдував на порачката, зашто сум еден од најверните обожаватели на „Леб и сол". Но, овој пат имавме компилицирана задача, зашто во балетот многу не се разбираме. Идејата за зодијак ми се виде мошне интересна, зашто, во крајна линија, сите се давиме читајќи хороскоп — односно сакаме да знаеме што се случува со нашите животи. И така, балетската приказна во „Зодијак", ја пренесов преку една двојка балетски уметници кои минуваат низ 12 раз лични форми во животот, се разбира тоа истражување можат да го направат само преку испитувањето на медиумот на сопствената уметност. Според тоа, „Леб и сол" добија 12 различни парчиња, што е нешто слично кога се работи и музика за една ЛП.**

Ништо чудно не е што со сценската визуелизација на „Зодијак" како режисерска постапка се зафати Рахим Бурхан, зашто: да го цитираме, „неговата вокација во театарот, секогаш била врзана со театарот на танци".

**— Музиката на Влатко и Бодан, вели Бурхан, е врвот на рокот и сите сме побогати за една прекрасна музика што може човек само да го инспирира. Но, одеднаш и стравот, како сето тоа, заедно со Олга Милосавлева, ќе можеме да го моделираме. Бидејќи станува збор за двојка, која бара љубов, за да остане љубов, го зедовме знакот на човечката љубов — зедовме момче и девојка кои ги минуваат сите знаци од зодијакот...**

Но, за да не раскажуваме, само уште ќе ја цитираме Олга Милосавлева и нејзината инспирација за создавање на кореографските решенија во претставата:

**— Во овие мои години не ми беше лесно да го проучувам рокот, но бидејќи ова е музика која и мртов ќе дигне, тогаш заедно со целиот балетски ансамбл, со посебен жар создадовме еден сосема нов стил што досега не е негуван на нашата балетска сцена.**

**Ц. Зојчевска**